Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA

Дел. бр. 15-3202/1
20-12-2023 година

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА
## на Центарот за управување со кризи

Директор
Стојанче Ангелов

Скопје, декември 2023 година

Годишниот план за работа на Центарот за управување со кризи ( во натамошниот текст: Центарот ) за 2024 година, е подготвен во согласност со Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ бр. 124/08, 58/18 и Службен весник на РСМ бр. 223/19“) и Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на РМ бр. 131/18“).

Планот претставува операционализација на мерките и активностите содржани во програмите од Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2024-2026 година, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и цели на Центарот и на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

Во првиот дел е даден краток преглед на програмите и потпрограмите, нивните цели и поврзаноста со стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата за 2024 година како и со приоритетите и целите на Центарот. Програмите се разработени во потпрограми во кои се презентирани конкретните активности, временската рамка, финансиските средства и организациските облици, односно лицата задолжени за нивно спроведување, како и мерливи показатели за следење на успешноста во реализацијата.

Во вториот дел на Годишниот план е даден преглед на иницијативите на Центарот содржани во Програмата за работа на Владата за 2024 година, а во третиот дел се претставени мерките и активностите кои произлегуваат од редовните активности на Центарот, односно не се составен дел на Стратешкиот план за 2024-2026 година.

Организациските единици на Центарот со своите вработени се подготвени успешно да ги реализираат сите активности и задачи од овој план и со тоа максимално да придонесат кон остварување на стратешките приоритети и цели на Владата.

# 1. ПРОГРАМИ

**Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2024-2026 година се состои од една програма и тоа:**

1. **Управување со кризи**

**1.1.** Програмата **„Управување со кризи“**, ги опфаќа главните активности (основното работење и функционирање) на ЦУК кои се извршуваат согласно законски регулираните надлежности и ги вклучува активностите за изградба и развивање на капацитетите и способностите на Системот за управување со кризи и активностите за унапредување на меѓународната соработка (билатерална, регионална и меѓународна соработка со надлежните тела и структури на ООН, НАТО, ЕУ) и содржи три потпрограми:

1. Потпрограма - Јакнење на капацитети на ЦУК и СУК;
2. Потпрограма - Меѓународна соработка;
3. Потпрограма – Надградба на единствениот комуникациско-информациски систем за итни случаи Е-112.

## 2. ПЛАН ЗА РАБОТА

### А. Програми и потпрограми од Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за 2024-2026 година

ПРОГРАМА 1: УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**

ПРИОРИТЕТИ:

1. **Приоритет: Справување со последиците од тековни и други кризни состојби.**

**Цел:** Сеопфатна координација и поддршка на субјектите од Системот за управување со кризи, граѓаните и деловните субјекти за надминување на последиците од тековните и други кризни состојби.

2. **Приоритет: Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија.**

**Цел:** Ефикасно користење на пристапната помош од Европската Унија и зајакнување на системот за финансиско управување преку доставување на квалитетна документација во рамките на ИПА 3;

3 **Приоритет: Унапредување на одбранбената политика во функција на развојот, независноста, територијалниот интегритет, безбедноста на граѓаните и колективната безбедност**

**Цел:** Јакнење на капацитетите и способностите на националниот систем за управување со кризи во областа на превенција, рано предупредување и справување.

4 **Приоритет: Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники.**

**Цел:** Надградба на единствениот комуникациско-информациски систем за итни случаи Е-112.

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Центарот за управување со кризи:**

- Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способностите на СУК во РСМ за навремен и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системот за кризен менаџмент кај земјите членки на НАТО и ЕУ.
- Развој на билатералните, регионалните и мултирателарните односи со членките на НАТО и Европската унија и другите земји од Европскиот и вон-европскиот простор

**Цел на програмата:**

- Продолжување со активности за проширување и надградба на Македонски информативен систем за шумски пожари ( MKFFIS-www.mkffis.cuk.gov.mk) преку воведување нови модули за превенција, рано предупредување и справување со поројни поплави, лизгање на земјиштето и ерозија на почвата со цел обезбедување на единствена платформа за споделување на информации и податоци, преку современ веб-базиран Географски информациски систем ( ГИС) со поврзаност на релевантни институции од Системот за управување со кризи. Со воспоставување на овој систем РСМ станува единствена земја во регионот која воспоставува високи стандарди во оваа област, по примерот на Европскиот информативен систем за шумски пожари (EFFIS) кој функционира на ниво на Европската унија.
- Имплементација на Уредбата за Методологија за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности, нејзина содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определување на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената.
- Целосна дигитализација на активностите во рамките на Системот за управување со кризи, во сегментот на мониторинг и процена на ризици, превенција и рано предупредување, преку одржување и надградба на веб-базираната апликација – Електронска процена (Е-процена), http://procena.cuk.gov.mk и MKFFIS, www.mkffis.cuk.gov.mk, како подршка за спроведување на законските надлежности за изработка и ажурирање на Процената на загрозеноста на

безбедноста на Република Северна Македонија од сите ризици и опасности и Проценките на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности, како и мапирање на ризици и продукција на мапи на ризици.

- Функционална и надградена Веб платформа "Е-процена" во интерес на исполнување на законските обврски за транспарентност кон јавноста и заинтересираните страни, дигитализацијата, децентрализацијата, како и обезбедување на јавно-достапни информации преку отворен (public) пристап, со селектирани сетови на податоци и информации, во однос на проценките на загрозеност за подрачјата на сите општини, градот Скопје и Републиката, како и други податоци од интерес за информирање на локалните самоуправи и населението. Со спроведувањето на овие активности во голема мерка се придонесува во исполнувањето на обврските кон меѓународните организации за намалување на ризици и катастрофи како што е Сендаи рамката за ДРР.
- Комуникација и координација со субјектите во СУК во справување со прогласени кризни состојби,
- Воспоставување на целосно функционален систем за известување и тревожење како дел од сегментот за рано предупредување,
- Воспоставување на единствен комуникациско – информациски систем со реализација на повикувачкиот број за итни ситуации Е-112 кој е имплементиран и започнат со редовна работа на 11.02.2022 година, на Европскиот ден на 112.
- Надградба на системот Е-112 со втора фаза која подразбира целосно заокружување на Европската регулатива со овој број, со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија во која се очекува голема опасност.
- Модернизција на постоечкиот УКБ радио систем за известување кој ќе биде во поддршка и на Е-112 и на системот за јавно тревожење со што ќе се заокружи комплетното потребно телекомуникациско решение на ЦУК.
- Функционалност на Центар за обука, во рамки на Центарот за управување со кризи, кој ќе организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и сите учесници во Системот за управување со кризи, со цел подигање на нивната обученост, знаење и вештини за извршување на секојдневните задачи.
- Координација на ПТЦ Винојуг (Гевгелија) и ПТЦ Табановце (Куманово).
- Следење на состојбите со миграцијата, природните непогоди и катастрофи, здравствени ризици, заболувања кај луѓето и животните и други опасности на светско, регионално и национално ниво;
- Континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори со Организацијата на Обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, соработка со НАТО структурите во Брисел, Европската унија, како и со странските амбасади и меѓународни претставници во земјата. Центарот соработува и со Меѓународниот комитет на Црвениот крст и со Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и други меѓународни хуманитарни организации.
- Надградба на ВЕБ страната на ЦУК и сите други медиумски платформи, опремување со современа дигитална видео, аудио и фото опрема, со што ќе се овозможи намалување на импликациите предизвикани од дезинформации во јавноста.

**Показатели на успешност:**

- Јакнење на капацитети организациски и персонални.
- Унапредување на меѓународна соработка на ЦУК со меѓународни организации и сродни институции.
- Воспоставен функционален систем за итни повици Е-112
- Функционалност на целата територија на РС

| ПОТПРОГРАМА 1: Јакнење на капацитети на ЦУК и СУК | | |
|---|---|---|
| **ЦЕЛ на програмата:**<br>Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи, за навремен, брз и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент во земјите членки на НАТО и ЕУ.<br>1. Зајакнување на организациските, персоналните и функционалните капацитети во Центар за управување со кризи, со цел обезбедување на целосна реализација на надлежностите кои произлегуваат од Закон за управување со кризи. Програмата произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на РСМ содржан во одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година – Модерна и ефикасна јавна администрација базирана на дигитализација која обезбедува квалитетни и брзи услуги за граѓаните и деловните субјекти.<br>2. Градење и јакнење на капацитети и способности на ЦУК со цел да се зголеми функционалноста со пополнување на слободни работни места;<br>3. Планирање, организирање и реализација на обуки и вежби заради зголемување на координацијата, ефикасноста и благовремената реакција на вработените во ЦУК и учесниците во Системот за управување со кризи, со што и практично се зајакнуваат способностите и капацитетите на Системот за управување со кризи во спроведувањето на конкретни оперативни активности за справување со ризиците и опасностите, а согласно стратешкиот План на Центарот. | | |
| **Показател на успешност** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво** |
| - Број на реализирани обуки за изработка на функционална анализа, правилници за внатрешна организација и систематизација во ЦУК;<br>- Број на реализирани обуки од областа на подготовка на годишни планови вработување и унапредување во ЦУК;<br>- Број на реализирани обуки од областа на подготовка на годишни планови за стручно усовршување и развој на вработените во ЦУК.<br>- Унапредување на меѓународната соработка на ЦУК со меѓународни организации и сродни институции. | Закон за вработените во јавниот сектор и<br>Закон за административни службеници<br>- (Сите подзаконски акти кои произлегуваат од овие два закони). | Градење и јакнење на капацитети и способности на ЦУК со цел да се зголеми функционалноста со пополнување на слободни работни места<br>- упатен 1 претставник на ЦУК во Мисијата на РСМ при НАТО во Брисел;<br>- акредитација на РДБКИ при ЦУК за повисок степен на класификација;<br>- реализација на активности од Програмите за соработка со САД: Маршал Центар, и СМЕР;<br>- реализација на JICA обуки во Јапонија;<br>- реализација на активности од ИПСП со НАТО;<br>- остварување напредок на институцијата во ЕУ процесот<br>- обезбедување меѓународна поддршка при прогласена кризна состојба во земјата. |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Центар за обука: | | | | | | | |
| Јакнење на капацитети на ЦУК со планирање на човечките ресурси за изработка на и актите за внатрешна организација и работа, и актите за систематизација на Центарот за управување со кризи, врз основа на изработена Функционална анализа | Изработка на Правилник за организација и работа на ЦУК и Правилник за систематизација на работни места согласно изработен Извештај од спроведена Функционална анализа во Центарот за управување со кризи согласно Методологијата за спроведување на функционална анализа во институциите од јавниот сектор, преку планирање, подготовка и реализација на обуки за подготовка на Правилник за организација и работа на ЦУК и Правилник за систематизација на работни места. | 01/2024 | 02/2024 | 03/2024 | | 5.000,00 денари | СУЧР во соработка со останатите организациони единици на ЦУК |
| Јакнење на капацитети на ЦУК за подготовка на индивидуални планови за стручно усовршување на административните службеници во ЦУК | Планирање, организирање и реализирање на обуки од областа на утврдување на индивидуални планови за стручно усовршување и развој, и следење на ефектот на сите административни службеници во ЦУК | | | | 04/2024<br>05/2024 | 5.000,00 денари | СУЧР во соработка со останатите организациони единици на ЦУК |
| Градење капацитети за управување со кризи преку обезбедување обуки, стручно усовршување и вежбовни активности за вработените во Центарот во соработка со странски | - Учество во преговори;<br>- Организациско-административна подготовка за упатување | 01/2024 | | | 12/2024 | Буџет на СМС | СМС и ООЕ на ЦУК и на субјектите во СУК, странски соработници |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| партнери | | | | | | | |
| Упатување на претставник на ЦУК во Мисијата постојаната Делегација на РСМ при НАТО, Брисел, Белгија | Организациско-административни постапки и подготовки за упатување | 1/2024 | | 12/2024 | | Буџет на СМС | СМС во соработка со МНР, СУЧР, СПОРИН, СФП |
| Акредитација на системот за размена на класифицирани информации во повисок степен | Организациско-административни постапки и подготовки за акредитација | 1/2024 | | | 1/2024 | Буџет на ЦУК | СМС во соработка со надлежните организациони единици и лица определени со решение од директорот на ЦУК и ДБКИ |
| Активности на Националното координативно тело за имплементација на НАТО политиките | -Комуникација и координација со институциите во СУК на НАТО делот<br><br>-Соработтка со националните претсавници во НАТО Планирачките Групи | | | | | Буџет на ЦУК | |
| Соработка со претставници на Националното координативно тело за имплементација на барањата од НАТО во полето на градење отпорност, Цивилна подготвеност и седумте основни НАТО побарувања | Организација на состаноци, подготовка на записници, издавање на насоки, обединување на одговори по однос на седумте НАТО основни побарувања | 1/2024 | | | 12/2024 | | СМС во соработка со надлежните организациони единици и лица одредени со одлука на ВРСМ и решение од директорот на ЦУК |
| Билатерален состанок со НАТО за напредокот на РСМ - Комитетот за НАТО отпорност од областа на полето на градење отпорност: Цивилна подготвеност и | - Координација со институции<br>-Прибирање на информации и одговори од делот на Цивилната Подготвеност | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџет на СМС | СМС во соработка МО, сектори при ЦУК и субјекти од СУК |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| седумте основни НАТО побарувања | | | | | | | |
| Реферирање за напредокот на институцијата во однос на ЕУ интегративните процеси | -Учество во изработката на прилозите кон Извештајот на ЕК за напредок на РСМ<br>-Учество во работата на Поткомитетот за животна средина, транспорт, енергетика и регионална политика | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџет на ЦУК | СМС во соработка со сите сектори, МЖСПП, МНР и СЕП |
| Учество во Работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапување во Европската Унија (Животна средина и климатски промени; Хуманитарна помош) | -Подготовка на материјал на институционалниот напредок во ЕУ контекст<br>- Учество на билатерален состанок со ЕК | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџет на ЦУК | СМС во соработка со сите сектори, МЖСПП, МНР и СЕП |

ПОТПРОГРАМА 2: Меѓународна соработка

**ЦЕЛ на програмата:**

- Развој на билатералните, регионалните и мултилатералните односи со членките на НАТО и Европската унија и другите земји од Европскиот и воневропскиот простор.
- Зајакнување на капацитетите на Системот за управување со кризи, за навремен, брз и координиран одговор, во сите фази за намалување на ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент во земјите членки на НАТО и ЕУ.
- Континуирана меѓународна соработка во согласност со ратификуваните меѓународни договори со Организацијата на Обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Европската унија, НАТО, како и со странските амбасади и меѓународни претставници во земјата. Центарот соработува и со Меѓународниот комитет на Црвениот крст и со Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и други меѓународни хуманитарни организации.
- Координација на процесот на изготвување, имплементирање и следење на реализацијата на активностите во надлежност на Центарот согласно стратешките цели, програми и активности за интегрирање на РСМ во ЕУ

| **Показател на успешност** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат (одредница) на годишно ниво** |
|---|---|---|
| - Унапредување на меѓународна соработка на ЦУК со меѓународни организации | | |

| | | |
|---|---|---|
| и сродни институции.<br>- Обезбедување и координација на учество за стручно усовршување, обука и вежбовни активности на вработените во ЦУК во соработка со странски партнери.<br>- Јакнење на капацитети - организациски и персонални. | Закон за управување со кризи;Закон за надворешни работи; Закон за вработените во јавниот сектор и<br>Закон за административни службеници<br>- (Сите подзаконски акти кои произлегуваат од овие два закони) | -Зајакнување на договорната состојба на билатерален и мултилатерален план<br>- Зголемен број на обучени лица<br>- Пополнување на раб.места во Секторот согласно систематизацијата |

| Мерки | Активности | Временска рамка за спроведување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Упатување на претставник на ЦУК во Постојанта Делегација на РСМ при НАТО, Брисел, Белгија | -Организациско-административни постапки и подготовки за упатување | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџетска програма 20 | Сектор за меѓународна соработка/ МНР, СУЧР, СПОРИН, СФП |
| Унапредување на меѓународната соработка со надлежни тела и структури на НАТО, ЕУ и ООН | -Исполнување на обврските кои произлегуваат од членството во НАТО<br>-Координација на процесот на имплементирање и следење на активностите во надлежност на Центарот согласно стратешките цели за интегрирање на РСМ во ЕУ | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџетска програма 20 | Сектор за меѓународна соработка/ САПДЗД и ВТ СУК/Организационин и единици во ЦУК , субјекти во СУК и меѓународни субјкети |
| Унапредување на билатерлната и регионалната соработка на ЦУК | -Обезбедување континуитет во комуникација и координација со сродни институции и организации на билатерален и мултилатерален план<br>-Унапредување на меѓународната билатерална договорна состојба со сродни институции<br>-Унапредување на капацитетите на Центарот за регионално | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџетска програма 20 | Сектор за меѓународна соработка/ САПДЗД и ВТ СУК/Организационин и единици во ЦУК , субјекти во СУК и меѓународни субјкети |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вмрежување, соодветна размена на податоци и меѓусебна помош при катастрофи и кризни состојби. | | | | | | |
| Учество на состаноци на НАТО Комитетот за отпорност | -Организациско-административни подготовки за учество | 1/2024 | | | 12/2024 | Буџетска програма 20 | Сектор за меѓународна соработка/ САПДЗД и ВТ СУК/Организационин и единици во ЦУК , субјекти во СУК |

**ПОТПРОГРАМА: Единствен број на повикување Е-112**

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Владата:**

**ПРИОРИТЕТИ:** „Професионална и ефикасна јавна администрација , поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники".

**ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ:**

Надградба на единствениот комуникациско-информациски систем за итни случаи Е-112

**Поврзаност со приоритетот и приоритетната цел на Центарот за управување со кризи**

**ПРИОРИТЕТ:**

1. Функционирање на единствен комуникациско – информациски систем со реализација на повикувачкиот број за итни ситуации Е-112 кој е имплементиран и започнат со редовна работа на 11.02.2022 година, на Европскиот ден на 112.
2. Модернизација на системот Е-112 со втора фаза која подразбира целосно заокружување на Европската регулатива со овој број, со која се предвидува сите мобилни фиксни и кабелски оператори да овозможат бесплатно доставување на СМС пораки и соопштенија до сите граѓани кои би се нашле на одредена територија во која се очекува голема опасност.
3. Влучување на итниот број на МВР-192 во единствен комуникациско-информациски систем со реализација на повикувачкиот број за итни ситуации Е-112.

**ПРИОРИТЕТНА ЦЕЛ:**

1. Нов и модерен единствен комуникациско – информативен систем со единствен број на повикување во случај на ризици, опасности и други несреќи на целата територија на Републиката, Е-112. Обезбедување на интерконекциска поврзаност мегу ЦУК -Е-112 како и останатите служби за итни повици 192, 193 и 194.
2. Единствен комуникациско-информациски систем и софтвер за потребите на Системот за управување со кризи за навремен и координиран одговор при опасност по човечките животи, материјалните средства и катастрофи.

**Цел на програмата:**

1. Зајакнување на СУК на РСМ преку обновување и надоградба на телекомуникациски и информатички ресурси.
2. Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем за потребите на Системот за управување со кризи за навремен и координиран одговор при катастрофи и намалување на последиците од истите.
3. Сервисна ориентираност кон граѓаните, преку користење на нови информациско-комуникациски технологии.

| **Показател на успешност** | **Појдовна основа** | **Планиран резултат(одредница) на годишно ниво** |
|---|---|---|
| - Воспоставен функционален систем за итни повици Е-112<br>- Функционалност на целата територија на РСМ | Закон за управување со кризи<br>- (Сите подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон) | |
| | Планирани за обука сите вработени во Секторот | |

| **Мерки** | **Активности** | **Временска рамка за спроведување** | **Финансиски средства** | **Организациски облик/лице** |
|---|---|---|---|---|
| **Градење на капацитети за функционирање на Системот Е-112** | Ажурирање на Стандардни оперативни процедури (СОП) за примател и на повици во Секторот Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Ажурирање на Стандардни оперативни процедури (СОП) за контрола на квалитетот и одржување на системот Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Изработка на материјали за јакнење, одржување и зголемување на јавната свест и популаризација на Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Учество во изработка на подзаконски акти и правилници со кој се регулира работењето на Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подготовки за втората фаза од имплементација на Е-112** | Учество во изработка на апликации за модернизација и надградба на системот за итни повици Е- 112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Надоградба на софтверот за Е-112 за прием на повици со користење на e-call, СМС и социјални медиуми со идентификација, локација и други параметри за повикувачот. | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Подготовка на апликации за учество во проекти за надградба на софтверот за Е-112 во делот на испраќање на СМС за предупредување на мобилните телефони во одреден регион со информација дека тој регион зафатен од непогода или катастрофа. | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Надградување на постоечките и зголемување на бројот на станици за итни повици, сервери и друга информатичка и телекомуникациона опрема за Е-112. | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Внесување на податоци и подготвување на протоколи и процедури во CAD програмот за реализација на повици кон Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| | Поддршка на институциите вклучени во системот Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112 |
| **Организирање на обука** | Организирање на обука за обучувачи, напредна и | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112<br>Центар за обука |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | специјализирана обука за новите надградби и ажурирања на Системот Е-112 | | | |
| | Дообука за лица вработени во субјектите кои го користат Системот Е-112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112<br>Центар за обука |
| | Обука од областа на психо-социјална поддршка и комуникациски вештини | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112<br>Центар за обука |
| | Организирање на обука за систем администратори и администратори за одржување на база на податоци за системот Е- 112 | Во тек на 2024 година | | Сектор Е-112<br>Центар за обука |

## Б. Иницијативи на Центарот за управување со кризи во Годишната програма за работа на Владата

| Иницијатива | Временска рамка за подготвување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Надградба на единствен комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување | Март | | | | | Сектор Е- 112/Зоран Блажевски |

## В. Мерки и активности кои произлегуваат од работата на органот на државната управа

| |
|---|
| **ОПИС И ЦЕЛ НА МЕРКАТА:** Донесување на подзаконски акти и други акти на Центарот, со цел усогласување со постојните законски прописи и овозможување целосна нивна имплементација, следливост и отчетност |
| **Показател на успешност:** Усогласени и донесени подзаконски акти и годишни планови на ниво на Центарот |

| Активност | Временска рамка за подготвување | | | | Финансиски средства | Организациски облик/лице |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Квартал 1 | Квартал 2 | Квартал 3 | Квартал 4 | | |
| Методолошка, организациска и техничка поддршка во изработката на Правилник за систематизација на работните места во ЦУК и Правилник за организација и работа на ЦУК | I/2024 | | | | Не се потребни финансиски средства | СУЧР |
| Изработка на Годишен план за вработување за 2024 година и Измени на Годишен план за вработување за 2023 година, како и Изработка на Годишен план за вработување за 2024 година и негово доставување до Министерство за финансии, Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците и до МИОА. | I/2024 | II/2024 | III/2024 | | Не се потребни финансиски средства | Анита Цековска |
| Изработка на полугодишни Извештаи за реализација на Годишниот план за вработување | I/2024 | | I/2024 | | Не се потребни финансиски средства | Анита Цековска |
| Активности од областа на персонално работење за вработените во ЦУК и постојано ажурирање и внесување на податоци во ИСУЧР согласно насоки од МИОА и заклучоци од седница на влада | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни финансиски средства | Анкица Шамановска<br>Филип Смоковски |
| Подготовка на Годишен извештај за изречени мерки за утврдена дисциплинска и материјална одговорност за 2023 година и негово доставување до МИОА | I/2024 | | | | Не се потребни финансиски средства | Анита Цековска |
| Контрола на работните листи од сите сектори/самостојни одделенија/РЦУК и евиденција на работното време на вработените, со доставување на барање до СФП за исплата на плата за секој месец, за вработените во ЦУК. | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни финансиски средства | Анита Цековска<br>Анкица Шамановска |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на Годишен план за обука на административните службеници во ЦУК за 2025 година, и доставување до МИОА | | | | IV/2024 | Не се потребни финансиски средства | Филип Смоковски<br>Наим Алији |
| Изработка и доставување на полугодишен извештај за реализација на планот за спроведени обуки на административните службеници во ЦУК до МИОА | I/2024 | | III/2024 | | Не се потребни финансиски средства | Наим Алији |
| Давање на насоки за спроведување на постапката на оценување во Центарот за управување со кризи | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни финансиски средства | СУЧР |
| Подготовка на Извештај со ранг листа за спроведено оценување за 2023 година и доставување до МИОА | I/2024 | | | | Не се потребни финансиски средства | СУЧР |
| Изработка на предлог програми согласно СППБИ за 2025<br><br>Изработка на долгорочни и краткорочни планови за работа за потребите на СУЧР и ЦУК | | II/2024 | | | Не се потребни финансиски средства<br><br>Не се потребни финансиски средства | Анита Цековска<br>Филип Смоковски<br>СУЧР |
| Изработка на Фискална стратегија на ЦУК за периодот 2023-2025 година | I/2024 | | | | | СФП/ЦУК, Министерство за финансии |
| - Изработка на основни сценарија | I/2024 | | | | | СФП |
| - Процена и изработка на нови иницијативи за финансирање<br><br>- Поднесување на Фискалната стратегија во ecirkular.finance.gov.mk | I/2024<br><br>I/2024 | | | | | СФП<br><br>СФП |
| Стратегија за управување со ризици<br><br>Изработка на измени за стратегија (по потреба) | <br><br>Во тек на 2024 година | | III/2024 | | | СФП/ЦУК |
| Изработка на Годишен финансиски извештај за 2023 година согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и во процесот на воспоставување, развој, спроведување и одржување на финансиското управување и контрола ; | | II/2024 | | | | СФП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на предлог Буџет за 2025 година | | | III/2024 | | | Одделение за буџетска координација/ СФП, сите сектори, овластени лица за преземање финансиски обврски, раководители на програми во ППБИ, Министерство за финансии |
| Постапува по дадените Насоки за буџетирање на програмите согласно правилникот за ППБИ во ЦУК | | | III/2024 | | | СФП |
| Врз основа на утврдените приоритети за финансирање на програмската структура, изработува и доставува Предлог буџет за наредната година | | | III/2024 | | | |
| Поднесување на Предлог буџетот во ecirkular.finance.gov.mk | | | III/2024 | | | СФП |
| Усогласување на Предлог буџетот со Министерството за финансии | | | | IV/2024 | | СФП |
| Изработка на предлог – Решение за внатрешна распределба на одобрениот буџет за 2024 година | I/2024 | | | | | Одделение за буџетска координација/ СФП, сите сектори и овластени лица за преземање финансиски обврски |
| Евидентирање, следење и анализирање на извршувањето на буџетот и изготвување на информации и извештаи за негово извршување | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Изработка на барања за пренамена на финансиски средства во рамките на одобрениот Буџет (по потреба) | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Изработка на квартални и месечни финансиски планови | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Изработка на годишен финансиски план за 2024 година | I/2024 | | | | | Одделение за буџетска координација/ СФП и овластени лица за преземање финансиски обврски, Министерство за финансии |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на измени на годишниот, кварталниот и месечните финансиски планови (по потреба) | | | | | | Одделение за сметководство и плаќања/ ЦУК, Министерство за финансии |
| Изработка на извештаи за реализирани парични средства по програми, проекти и договори | Во тек на 2024 година | | | | | Одделение за јавни набавки/СФП и овластени лица за преземање финансиски обврски, Биро за јавни набавки |
| Изработка на годишна завршна сметка на ЦУК за 2023 година | I/2024 | | | | | |
| Навремено плаќање на превземени обврски<br>Сметководствено евидентирање на средствата и изворите на средства на Центарот, ситниот инвентар и потрошениот материјал | Во тек на 2024 година<br>Во тек на 2024 година | | | | | |
| Сметководствено евидентирање на приходите и расходите | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Пресметка и исплата на плати, придонеси и персонален данок на вработените во ЦУК и изготвување извештаи за истите | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Обезбедување на готовински парични средства во денари и странска валута | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Водење на деловни книги предвидени со Закон за сметководство на буџетите у буџетските корисници | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Пресметка на амортизација и револоризација, изработка на прегледи и усогласување на евиденцијата со ракувачите во ЦУК и РЦУК, подготовка на обрасци за попис | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Дозначување на готовински парични средства за благајната на Центарот и благајните на регионалните центри | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Изработка на годишен план за јавни набавки за 2024 година | I/2024 | | | | | |
| Вршење измени и дополни на годишниот план за | I/2024 | | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| јавни набавки (по потреба) | | | | | | |
| Координирање на активности поврзани со утврдување на потребите за јавни набавки во Центарот | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Следење на извршувањето на планот за јавни набавки | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Подготвување на документи за реализација на јавните набавки на стоки/услуги/работи | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Учество во работата на комисијата за јавни набавки | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Објавување на потребна документација на електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) и спроведување активности преку електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Склучување на договори за јавни набавки | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Водење евиденција за склучени договори и реализирани постапки за јавни набавки | Во тек на 2024 година | | | | | |
| Доставување информација кон Извештајот на Европска Комисија за институционалниот напредок на ЦУК | | II/2024 | | | | СМС во соработка со надлежните организациони единици во ЦУК и СЕП |
| Изработка на извештај за Поткомитетот за животна средина, транспорт, енергетика и регионална политика во делот Цивилна заштита | I/2024 | | | | | СМС во соработка со надлежните организациони единици во ЦУК и МЗСПП |
| Учество во Работните групи за подготовка на преговарачките позиции за преговори за пристапувањево Европската Унија (Животна средина и климатски промени; Хуманитарна помош) | I/2024 | | | | 12/2024 | СМС во соработка со надлежните организациони единици во ЦУК и СЕП |
| Презентирање на напредокот кон НАТО од областа на „Цивилна подготвеност" – процес на Одбранбено планирање | I/2024 | | | | 12/2024 | СМС во соработка МО, сектори при ЦУК и субјекти од СУК |
| Подготвителни активности за одбележување на 20 години ЦУК – организирање на настан и подготовка и печатење на Публикација со значајни активности на ЦУК во изминатите 20 | Во тек на 2024 година | | | | Буџет на ЦУК | САПД и ЗД/Одделение за протокол |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| години постоење. | | | | | | |
| Подготовка на План за архивски знаци за 2024 година | | | | IV/2024 | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Подготовка на Листа на архивски материјал за 2024 година | | | | IV/2024 | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Подготовка на Листа на документарен материјал со рокови на негово чување за 2024 година | | | | IV/2024 | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Подготовка на Образец за предавање на ДАРСМ | I/2024 | | | | | Државен архив на РСМ / СПОРИН/Одд за архивски работи |
| Шестмесечен извештај за работа на Одделението за инспекциски надозр | I/2024 | | III/2024 | | | Инспекциски совет/СПОРИН/ОИН |
| Шестмесечен извештај за работа на Одделението за инспекциски надозр | I/2024 | | | | | Инспекциски совет/СПОРИН/ОИН |
| Подготовка на субјектите во Системот за управување со кризи за навремено справување со сите ризици и опасности како и подобрување на комуникацијата и соработката | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | Одделение за оперативна координација,подготовка на субјектите за управување со кризи и евиденција на ресурси |
| Подготовка на субјектите во Системот за управување со кризи за навремено справување со сите ризици и опасности како и подобрување на коминкацијата и соработката на локално ниво | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | РЦУК |
| Организирање и справување со 24/7 часовно функционирање на системот на Субјектите за управување со кризи | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | ДОЦ/РЦУК |
| Подготвување и извршување на работни задачи во врска со превенција и справување со кризна состојба во субјектите во Системот за управување со кризи на централно и локално ниво. | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | СОК/РЦУК |
| Организирање и спроведување на постапка за организирање на подготвителни состаноци со | | | | IV/2024 | Не се потребни финансиски средства | СОК / Одделение за оперативна |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| субјектите учесници во СУК за време на зимскиот период (поплави, студени бранови, снежни наноси, лавини, клизишта, одсечени патни правци) | | | | | | координација,подготовка на субјектите за управување со кризи и евиденција на ресурси |
| Организирање и спроведување на постапка за организирање на подготвителни состаноци со субјектите учесници во СУК за време на летниот период (топлотни бранови) | | II/2024 | | | **Не се потребни финансиски средства** | СОК / Одделение за оперативна координација,подготовка на субјектите за управување со кризи и евиденција на ресурси |
| Оперативно-стручна поддршка на Главен штаб и Владините тела (Група за процена и Управувачки комитет) | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | СОК/РЦУК |
| Организирање и спроведување на подготвителни состаноци со субјектите на локално ниво и одржување на регионални штабови и нивна евиденција | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | СОК/РЦУК |
| Ажурирање на постоечките Процедури за воспоставените работни процеси во секторот, согласно потребите | | | | IV/2024 | Не се потребни | СОК/РЦУК |
| Организирање и координирање на активностите во врска со давање на оперативна и стручна поддршка на Главниот штаб, РЦУК, Регионалните штабови за управување со кризи и субјектите на локално ниво, (случени ризици и опасности како и активности поврзани со актуелната мигрантска криза).<br><br>Следење на состојбите со миграцијата,природните непогоди и катастрофи, здравствени ризици, заболувања кај луѓето и животните и други опасности на светско,регионално, национално и локално ниво. | Во тек на 2024 година<br><br>Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни<br><br>Не се потребни | СОК/РЦУК<br><br>СОК/РЦУК |
| Ажурирање и подобрување на воспоставената база на податоци за ресурсите, следење на дневните настани и дугите ризици и опасности. | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | СОК/РЦУК |
| Прием, селектирање и обработка на добиените информации од РЦУК и од субјектите на СУК, | Во тек на 2024 година | | | | Не се потребни | ДОЦ/РЦУК 7/24 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| изработка на дневни редовни и вонредни информации, прегледи, билтени и ситуациони извештаи за настани и состојби на територијата на РМ и нивно доставување до надлежните субјекти согласно мапите на процес.<br>Организирање, спроведување и пренос на класифицирани информации и документи преку системот за КЗ и МКШ | Во тек на 2024 година | | | Не се потребни | ДОЦ/РЦУК 7/24 |
| Ажурирање на постоечки Процедури за воспоставени работни процеси во секторот, согласно потребите | | III/2024 | | Не се потребни финансиски средства | САПСП/ Одделенија во САПСП |
| Обука со вработени во РЦУК и други институции на локално ниво за користење надградената апликација МКФФИС –3 | II/2024 | | | Финансиски средства за патни трошоци на вработените/обучувачи те - Буџет на ЦУК | Одделение за аналитика и процени/<br>д-р Стевко Стефаноски |
| Донесување, Дисеминација и Имплементација на Упатството за структурата на процената од сите ризици и опасности за Општините, Градот Скопје и Република Северна Македонија | I/2024 | | | Буџет на ЦУК | САПСП /д-р С. Стефаноски |
| Имплементација на новата Уредба за Методологијата за изработка на Процената на загрозеноста на безбедноста на РМ од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од процената | Во текот на 2024 година | | | Буџет на ЦУК | Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање<br>д-р С. Стефаноски |
| Ажурирање на процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности | Во текот на 2024 година | | | Не се потребни финансиски средства | САПСП/СОК/РЦУК |
| Планирање, организација и извршување на обука за обучувачи и корисници на надградениот МКФФИС | По посебен план во текот на 2024 година | | | Буџет на ЦУК | САПСП /д-р С. Стефаноски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| со модулите кои произлегуваат од Еко-ДРР проектот | | | | | |
| Имплементација на резултатите од проектот "Сеопфатна процена на ризик на основните сервиси и транспортната инфраструктура - (Comprehensive RISK assessment of basic services and transport Infrastructure (CRISIS) со УКИМ-ИЗЗИС и сродни институции од Италија, Грција и Албанија. | Во текот на 2024 година | | | Буџет на ЦУК | Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање/д-р С. Стефаноски |
| Одржување и ажурирање на единствена база со податоци за различни настани и појави (несреќи и катастрофи) кои се случиле на територијата на Републиката | Во тек на 2024 година | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение ИНДОК/ советник Самир Демири/Раководител на САПСП д-р С. Стефаноски /РЦУК |
| Изработка на Годишен преглед од база на податоци според еден или повеќе атрибути за дадени ризици и опасности како и за определени подрачја | I/2024 | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение ИНДОК/ советник Самир Демири/Раководител на САПСП С. Стефаноски/РЦУК |
| Обука со вработени во РЦУК 7/24 на тема: Водење на модул за историски настани | II/2024 | | | Буџет на ЦУК | Одделение ИНДОК/ советник Самир Демири//РЦУК |
| Обука со по еден претставник од секој Сектор и самостојни одделенија во ЦУК на тема: Доставување извештаи со материјали од семинари, работилници, курсеви или друга форма на обуки, за внесување во Документ менаџмент систем ( ДМС ) | II/2024 | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение ИНДОК/ советник Самир Демири//РЦУК |
| Организација и ажурирање на Електронска библиотека во рамките на ДМС | Во тек на 2024 година | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение ИНДОК/ советник Самир Демири/Раководител на САПСП С. Стефаноски/сите ОЕ во ЦУК |
| Подготвување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година | I/2024 | | | | Раководител на САПСП д-р СтевкоСтефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/Советник Севим Јакуп/сите ОЕ во ЦУК |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Доставување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа до ГС на ВРСМ | I/2024 | | | | САПСП |
| Донесување и објавување на Годишен план за работа | I/2024 | | | | САПСП/САПД и ЗД/Одделение за протокол |
| Објавување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа до ГС на ВРСМ | I/2024 | | | | САПСП/САПД и ЗД/Одделение за протокол |
| Координација со активностите за изработка и ажурирање на програмите од стратешкиот план | II/2024 | | | | Раководител на САПСП д-р СтевкоСтефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/Советник Севим Јакуп/сите ОЕ во ЦУК |
| Подготовка на нацрт Стратешки план на ЦУК за 2023-2025 и креирање на програми, потпрограми и проекти | II/2024 | III/2024 | | | Раководител на САПСП д-р Стевко Стефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/Советник Севим Јакуп/сите ОЕ во ЦУК |
| Подготовка за изработка на Предлог програми за 2024 година | II/2024 | | | | Раководител на САПСП д-р СтевкоСтефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/Советник Севим Јакуп/сите ОЕ во ЦУК |
| Изработка на Информација за спроведен процес на анализа на поднесени Програми за 2024 година | | III/2024 | | | Раководител на САПСП д-р Стевко Стефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп /сите ОЕ во ЦУК |
| Подготвување на предлог на План на програми за развој | | III/2024 | | | Раководител на САПСП Стевко Стефаноски/Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Севим Јакуп |
| Доставување на нацрт стратешки план и предлог буџетски пресметки до Генерален секретаријат и до Министерство за финансии | | III/2024 | | | САПСП/СФП |
| Подготвување на Годишен план за работа на ЦУК за 2025 | | | IV/2024 | | Раководител на САПСП Стевко Стефаноски/Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп / сите ОЕ во ЦУК |
| Подготвување на предлог Годишна програма за работа на Владата | | | IV/2024 | | Раководител на САПСП Стевко Стефаноски/Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп / сите ОЕ во ЦУК |
| Подготовка за изработка на предлог иницијативи | | III/2024 | | | Раководител на САПСП Стевко Стефаноски/Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп / сите ОЕ во ЦУК |
| Доставување на иницијативи до Генерален секретаријат на Влада на РСМ | | | IV/2024 | | САПСП/Иницијатори на иницијативи/преку систем за Е - влада |
| Доставување на печатена прифатена иницијатива до Генерален секретаријат на Влада на РСМ | | | IV/2024 | | САПСП/Иницијатори на иницијативи |
| Подготовки за изработка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од претходната година | | | IV/2024 | | Раководител на САПСП д-р СтевкоСтефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп/ сите ОЕ во ЦУК |
| Следење на реализација на ГПРВ | Во тек на 2024 година | | | | САПСП |
| Следење и известување за спроведување на Годишен | Во тек на 2024 година | | | | Раководител на САПСП д-р |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| План за работа | | | | | | Стевко Стефаноски/ Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп/ сите ОЕ во ЦУК |
| Обука со вработени во ЦУК, на тема: Процес на подготвување на стратешки план и годишен план за работа | I/2024 | II/2024 | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение за стратешко планирање и програмирање/ Советник Севим Јакуп/ сите ОЕ во ЦУК |
| Правилник за ППБИ | | II/2024 | III/2024 | | Не се потребни финансиски средства | Одделение за стратешко планирање и програмирање/сите ОЕ во ЦУК |
| Ажурирање на Прирачник за краткорочно планирање на работата во ЦУК | | II/2024 | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение за стратешко планирање и програмирање |
| Поднесување на иницијатива до Групата за Процена за отпочнување на активности за ажурирање на Проценета на загрозување на безбедноста на РСМ од сите ризици и опасности | | | | | Не се потребни финансиски средства | Одделение за аналитика и процени/раководител на САПСП<br>д-р Стевко Стефаноски |
| Ажурирање на процените на загрозеност на подрачјата на општините и градот Скопје од сите ризици и опасности | I/2024 | | | | Не се потребни финансиски средства | САПСП/СОК/РЦУК |
| Стратешки план на ЦУК за 2024-2026 | | II/2024 | III/2024 | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање/сите ОЕ во ЦУК |
| Доставување на Нацрт стратешки план и предлог буџетски пресметки до Генерален секретаријат и до Министерство за финансии | | | III/2024 | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање/СФП |
| Годишен план за работа на ЦУК за 2024 | | | | IV/2024 | | САПСП /Одделение за СП и програмирање/сите ОЕ во ЦУК |
| Донесување и објавување на Годишен план за работа | I/2024 | | | | | САПСП /Одделение за СП и |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | програмирање |
| Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од 2023 година | I/2024 | | | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање/сите ОЕ во ЦУК |
| Доставување и објавување на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа од 2023 година до ГС на ВРСМ | I/2024 | | | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање |
| Подготовка за изработка на Предлог програми за 2024 година | | II/2024 | | | | САПСП /Одделение за СП и програмирање/раководители на програми |
| **ПОПИС** | I/2024 | | | IV/2024 | | Централна пописна комисија/Пописни комисии кои го вршат пописот во седиштето на ЦУК и РЦУК |

Изработил: Севим Јакуп

Прегледал: Трајче Јовановски

Одобрил: д-р Стевко Стефаноски